РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е барање за мислење во однос на тоа дали постои судир на интерес во случај кога член на советот на Општина, е и сопственик и директор на Приватна установа за деца, детска градинка.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019), го издаде следното

## МИСЛЕЊЕ

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не предвидува забрана или ограничување за ситуацијата за која се бара мислење, односно барателот може да ја извршува функцијата член на совет на општина и да бидете сопственик и директор на Приватна установа за деца.

Од друга страна, согласно член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси предвидена е забрана за користење на заеми и други видови поддршка од државата и тоа:

*„**Правно лице чиј основач или сопственик било или е избрано или именувано лице** или чиј основач или сопственик е или било член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице односно член на неговото семејство, поседува удели или акции **не може да биде корисник на** грант, заем односно **финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа.“***

Имено, барателот како сопственик и директор на Приватна установа за деца има забрана за користење на финансиска државна помош.

Исто така, согласно член 45 став 2 и 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси сите избрани лица ја имаат следната обврска:

*„(2) Секое избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал е должно во рок од 30 дена од денот на стапување на функција до институцијата, односно органот во кој ја врши функцијата да ги пријави правните лица во негова сопственост, во кои има акции или удели или управувачка функција.*

*(3) Органот од ставот (2) на овој член е должен овие податоци јавно да ги објави.“*

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk